Центар за Економски Анализи
Скопје, Македонија
http//: www.cea.org.mk
info@cea.org.mk

# ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ИМПЛИКАЦИИ НА КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[1]

од Марјан Николов м-р

Центар за Економски Анализи

## Абстракт

Темата за корупцијата иако не е нов феномен, кај земјите во транзиција доживува посебно внимание. Овој тренд не го одминува и јавното внимание во Македонија. За квалитетна анализа на овој феномен е потребен интердисциплинарен пристап но во овој труд ќе се задржиме само на економскиот дел од влијанието преку механизмите од институционалната економија и/или новата политичка економија. Основната идеја на моделот развиен во овој труд е дека повеќе од една деценија во Македонија не постои економски раст како резултат од неинвестирање во основните извори на економски раст: физичкиот капитал, човечкиот капитал и општествениот капитал (social capital). Ова е резултат од промената на системот на вредности на почетокот од транзицијата и неможноста да институциите го задржат својот кредибилитет и конкурентност, наспроти новоформираните неформални лоби групи и политичко-економски групации, во обезбедување на соодветна бизнис клима за инвеститорите и воопшто економските агенти. Ова доведе до еквилибриум состојба во Македонската економија на прераспределба на општественото богатство помеѓу три економско-социјални групи: група која претендира на капитални добра прераспределени во процесот на приватизација, група која претендира на права и лиценци и води бизнис претежно поради нетранспарентната улога на државата како јавен потрошувач и сиромаштијата која се финансира директно од буџетот. Во овој еквилибриум се уште се чека на промената на релативните цени на добрата помеѓу овие групи за да може да се покрене економијата кон нов еквилибриум на здрава економија. При тоа, многу се очекува од Европската Унија и нејзината методологија и помош.

## Наместо вовед

[1] Овој труд е изработен по повод конференцијата: “Македонија и корупцијата – состојби и предизвици”; Ноември 2004 во организација на ФИООМ Скопје.

Би го почнал и завршил овој труд со констатацијата дека: "Корупцијата го спречува економскиот раст и креира економски пекол". Дури и Данте Алигиери ги ставил поткупувачите при самото дно во пеколот.

Зошто корупцијата предизвикува толку внимание? Една причина е новата информациона револуција. Новите технологии во информатиката овозможува поголем промет на информации за пократок временски период при што достапноста до повеќе информации е од поголем волумен. Втора причина е создавањето на нови демократски држави и слободни медиуми кои водат кон слобода на говорот. Третата причина е и самата глобализација која ги помеша бизнисите од средини со помал степен кон средини со релативно повисок степен на корупција.

Како резултат на овие и други причини се појавија НВО како Транспаренси Интернејшенал и се зголеми улогата и влијанието на цивилниот сектор кон ова прашање. Исто така се појавија и повеќе емпириски студии на оваа тема, а и се повеќе земји со пазарна економија размислуваат за ефикасност и неефикасна алокација на ресурси и поголеми трошоци за мониторинг и трансакција во услови на корупција.

Специфики за Македонија:
Прераспределба наместо економски раст

Со почетокот на транзицијата во Република Македонија се случи моментален вакуум на вредносен систем и наплив на нови законски регулативи и начини на работа кои бараа голема доза на флексибилност на граѓаните, економските агенти, институциите т.е. целокупната држава.

Од аспект на промена во механизмите на економијата, се јавија цврсти фискални и финансиски ограничувања за економските агенти кои ги бараше новиот пазарен начин на работа. Ограничените ресурси на големите претпријатија дополнително се ограничија. Банките почнаа да ја добиваат својата вистинска улога и да ја вршат својата функција на оценка на ризик при кредитирање. Просечното оданочување се покачи, а бизнисите беа инертни и спори во прилагодувањето. Граѓаните кои долго ги уживаа благодетите на ниски релативни цени на услуги во социјализмот почнаа да се соочуваат со губење на таа привилегија како и со закани за губење на статусот на вработени. Институциите на државата не беа спремни да се соочат со новите предизвици.

Во овие нови услови на работа и соочени со нови предизвици државата се јави во улога на главен играч во јавната потрошувачка. Исто така се централизира и концентрира власта со што локалната власт ја изгуби моќта да ги канализира потребите на граѓаните на ефикасен начин.

На овој начин се зголеми улогата на државниот апарат во регулативите и дискрециони одлучувања: јавни набавки, лиценци, дозволи, квоти, контингенти и слично. Ова водеше до појава на фискална нетранспарентност во услови кога немате закон за јавни набавки, агенција за спречување перење пари и слични заштитни регулативи и институции.

Се појави транзициониот систем на вреднување: "Се снајде човекот". Овој транзиционен систем на вреднување, во услови на преструктуирања со негативни последици на губење на работно место и приходи, почна да се прифаќа како статус и да се шири како рак низ општеството, државата и економските агенти.

Ваквиот економски систем креира група на лоби бирократи кои и конкурираат на легалниот начин на работење на системот и нудат за соодветен надомест побрзо решавање на работи поврзани со одредени права на економските агенти и останати заинтересирани клиенти едноставно затоа што затечените процедури и регулатива и институционална поставеност беа импотентни за новото време.

Овој систем креира дисторзија на долг рок кој не поминува незабележително од страна на инвеститорите.

Имено, инвеститорите во нивните инвестициони одлуки пресметуваат инфлатирани дисконтирани трошоци (со вклучена премија) кои ја рефлектираат оваа состојба и се доволни високи за да не можат да бидат покриени со легални приходи и затоа ги насочуваат своите инвестициони фондови на друго место. Едноставно кажано, во Македонија веќе немаше здрава клима за водење на бизнис поради што и инвестициите изостанаа.

Ова креира подлога за развој на главно три типа на бизниси во Македонија: Прво, бизниси во спрега со лоби бирократите од државниот апарат, кои не се конкурентни и во здрава пазарна економија најверојатно ќе бидат дисквалификувани; второ, бизниси од мал ризик за казнување кои носат големи профити и кое се незаконски и трето бизниси од монополски и/или олигополски карактер (телекомуникации, енергетика, транспорт, градежништво) кои се или слабо регулирани или регулаторот е таканаречено опфатен во (captured) монополот.

Во секој случај сето ова на долг рок води кон недостаток на инвестирање во основните извори на економски раст: физички капитал и нови технологии, човечки капитал и модерен систем на образование и обука и ткн општествен капитал т.е. довербата помеѓу економските агенти и кон институциите на земјата.

Она што останува на економските агенти во услови без економски раст е прераспределба на вкупното богатство во државата.

## Механизам на моделот за прераспределба во Македонија

При потенцијална спрега на лоби групи во државниот апарат, дел од активностите на економските агенти ги надминуваат законските рамки кои треба да бидат штитени од институциите. Немањето на силни институции кои ќе го направат трошокот за економските агенти поголем при казна, доколку е превземена незаконска и неетичка акција, за нив практички значи отворена врата за превземање акции кои се во спротивност од дефинираните правила, бидејќи за таквото однесување отсуствува казна и е поефтино.

Здравиот дел од институциите соочувајќи се со конкуренција од неформалните лоби групи имаат зголемени трошоци за мониторинг и

спроведување на правилата т.е. законите доследно. Ова дава привид дека корупмираниот  начин на работење е дури и поефикасен, бидејќи е и поефтин, но тоа е само на краток рок (Сетете се на изреката на пример: “Добро е, го протнав камионот на царина”).

Резултат е што и самите институции станувааат пристрасно инволвирани во распределбата, па не можат со кредибилитет да одговорат соодветно.

Во вакви услови се заостручваат и конфликтите помеѓу политичко-економските групи кои, во Македонија, гравитираат кон два пола. Останатите политичко економските групи само спирално се приближуваат кон половите бидејќи ниту нудат сила на систематски излез од замката на половите ниту имаат стратегија и визија за независно делување.

Директен резултат од оваа ситуација се институции кои треба да ја оптимизираат општествената функција на корисност, но всушност ја оптимизираат функцијата на корисност на формалните и неформалните групи како и политичко економските групи кои ги окупирале институциите и при тоа тврдат дека тоа е природен резултат на демократијата на патот кон Европа.

Во вакви услови на работење во Македонија се појавија три главни групи на економски агенти кои претендираат на прераспределба на вкупното богатство на државата.

Поделбата на овие групи ќе ја базирам на поделбата на богатството на три типа на добра: Капитални добра прераспределени во процесот на приватизација, права во кои влегуваат ликвидни средства, лиценци, договори и слично и на крајот е сиромаштијата која се покрива од буџетот и социјалните програми. Оваа ситуација во моментот го претставува Македонскиот економски еквилибриум.

На долг рок оваа стабилност неминовно води кон остра форма на судир и антагонизам на најконфликтните групи. Немањето на заштита за сопственичките права ги прави скапи договорите кои носат раст (инвестиции) на долг рок. На среден рок за да се намалат тензиите ќе се превземат некои кампањски мерки, без стратегија, за нешто да се подобри и тоа дури на моменти и искрено, но одсуството на систематичност ќе биде прочитано од рационалните економски агенти. Кампањската мерка се ограничува на она што институциите и онака треба да го работат како секојдневна обврска, па рационалните економски агенти сега гледаат дека маргиналниот трошок им се зголемува во услови на кампања (поради можност да бидат казнети) и се притајуваат. Тие ја намалуваат економската активност бидејќи знаат дека тоа е несистематски и кампањски пристап и чекаат кампањата да заврши за да продолжат да превземаат акции по стариот систем со елементи надвор од пропишаните закони.

Како до промена?

Што да се стори за да се компензира недостатокот на економски раст кој во Македонија е безмалку од L тип како директен резултат од оваа состојба?

Во моментот сите категории на економски агенти имаат иста цел, а тоа е да бидат дел од субјектите за редистрибуција и под постоечките институции и правила ќе направат се за да бидат тоа.

Институциите од осамостојувањето до сега се во слободен пад, не се силни и иницијативни, не можат да се снајдат во новонастанатите услови, па и самите се вклучија како ендогена варијабла во моделот на распределба.
Стручната јавност е во зародиш за да може да наметне квалитетна потентна јавна дебата.

Можна промена на оваа ситуација е во промена на релативните цени на носителите на формалните и неформалните титулари на сопственост Со промената на релативните цени би се променила и преговарачката моќ на интересните групи што директно води до дестабилизација на овој еквилибриум и отвора добра шанса за институционални промени. Овие институционални промени би требало да овозможат реформа до такви институции и иновации кои ќе даваат рамка за економски раст и со чие постоење би се истиснале конкурентните формални и неформални групи.

Сепак, успехот ќе зависи од надворешните елементи при што многу се очекува од ЕУ и нивните методологии. Поактивна улога на ЕУ во земјите од западен Балкан треба да биде фокусирано кон зајакнување на институциите со оглед на тоа дека помошта до сега била неадекватна споредена со предизвиците. Како резултат овие реформирани институции би требало да ги намалат трошоците за мониторинг и ќе овозможат поефтини и симетрични информации за економските агенти како и поволна бизнис клима.

За на крај уште еднаш, “Корупцијата го спречува економскиот раст и креира економски пекол”.

Прилог:

Причини за појава на корупција во Македонија, нејзини детерминанти и резултат:

| Промена на економски систем: Почеток на транзиција | | |
|---|---|---|
| Бизниси | Граѓани | Институции |
| 1. Зголемување на просечно оданочување и финансиски трошоци карактеристични за пазарна економија<br>2. Банките почнуваат да наплаќаат премија за ризик и почнуваат да ја преземаат функцијата од пазарни економии<br>3. Бизнисите не се доволно флексибилни и не можат да се прилагодат | 1. Се губат благодети на ниски релативни цени за услуги<br>2. Намалена куповна моќ<br>3. Ризик од невработување | 1. Соочени со брза промена на правила<br>2. Наплив на нови законски решенија<br>3. Чести промени на закони водат до неквалитетна примена<br>4. Губење на способност за ефикасен мониторинг<br>5. Се соочуваат со конкуренција од неформални лоби групи |
| Резултат: губење на амбиент за инвестирање и борба за прераспределба на општествено богатство | | |
| Бизниси | Граѓани | Институции |
| 1. Две групи на бизниси и двете во спрега со неформални групи во институциите<br>2. Една во приватизација на капитал<br>3. Друга како претенденти на права и лиценци како контингенти, квоти и слично | 1. Теорија на: “Да се снајдам”<br>2. Оние кои не влегуваат во двете бизнис групи се финансираат од буџетот преку социјалните програми (отпремнини и социјална помош)<br>3. Оваа група на корисници на трансфери од буџет практично го држат овој еквилибриум без економски раст стабилен | 1. Појава на влада-политичка партија<br>2. Регрутација на поволни лица за неформални лоби групи кои ќе ја држат оваа состојба на еквилибриум без економски раст<br>3. Зајакната спрега со двете бизнис групи кои го контролираат приватизираниот капитал и оние кои користат права и лиценци |